[redacted]

[redacted]

Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ СУ.бр. 2 / 22
23.02.2022 година
Кратово

**До:**

Основен суд Кратово

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Основен суд Кратово ги бараме следниве информации од јавен карактер, кои се однесуваат на периодот **2018-2021 година**:

1. **Колку предлози за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство се поднесени до судот во периодот 2018-2021 година? Ве молам податоците доставете ги разделени по години, вид на привремена мерка, пол/род на сторител и пол/род на жртва.**

2. **Колку решенија за изрекување на привремени мерки за заштита се изречени во случаи на семејно насилство во периодот 2018-2021 година? Ве молам податоците доставете ги разделени по години, вид на привремена мерка, пол/род на сторител и пол/род на жртва.**

3. **Во периодот 2021 година колку тужби се поднесени до вашиот суд кои се однесуваат на утврдување на повреда на принципот на должно внимание на државни институции во постапување во случаи на заштита на жртвите на родово-базирано насилство? Ве молам податоците доставете ги разделени по форми на насилство заради кои се бара утврдување на повреда на принципот на должно внимание.**

4. **Во периодот 2021 година колку пресуди се донесени за утврдување на повреда на принципот на должно внимание на државни институции во постапување во случаи на заштита на жртвите на родово-базирано насилство? Ве молам податоците доставете ги разделени по форми на насилство заради кои се бара утврдување на повреда на принципот на должно внимание.**

5. **Во периодот 2018-2021 година колку тужби за надомест на штета во случаи на родово-базирано насилство и семејно насилство, согласно член 87 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство се поднесени до вашиот суд?**

[redacted]

до 15.03.22

6. **Во периодот 2018-2021  2021 година колку пресуди за надомест на штета во случаи на родово-базирано насилство и семејно насилство, согласно член 87 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство се донесени во вашиот суд?**

7. **Во периодот 2018-2021 година, колку предлози за процесирање на кривични дела поврзани со родово базирано и семејно насилство се поднесени до Судот? Ве молам наведете број на предлози за процесирање на кривичните дела разделени по години, членови од КЗ, жртви и сторители. (член 123, 125, 130, 131, 139, 140, 144, 189, 191 од КЗ)**

8. **Во периодот 2018-2021 година, колку пресуди за кривични дела поврзани со родово базирано и семејно насилство се донесени од страна на Судот? Ве молам наведете број на пресуди за кривични дела разделени по години, членови од КЗ, сторител и жртва. (член 123, 125, 130, 131, 139, 140, 144, 189, 191 од КЗ)**

Форма во која се бара информацијата:

а) увид

б) препис

в) фотокопија

**г) електронски запис**

д) друго---------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:

**а) по пошта**

б) телефон

в) факс

**г) е-маил**

д) друго---------------------------------------------------------------------

**Барател на информацијата**: [redacted]

**Застапник/полномошник на барателот на информацијата:** [redacted] – Извршна директорка

Со почит,

[redacted]

Изработила:
Т.К.

Скопје,
21.02.2022г.

Извршна директорка

[redacted]

[redacted]

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.2/22
11.03.2022 год.
Кратово

**ДО**

[redacted]
(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Основен суд Кратово

**ВРСКА:** Ваше барање бр.03-121 од 22.02.2022 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Со почит,

Диме Петрушевски, службено лице

___________________________________

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.2/22
11.03.2022 година
К р а т о в о

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер бр.03-121 од 22.02.2022 год. од барателот [redacted] - Извршна директорка, поднесено на 23.02.2022 година, имателот на информацијата Основен суд Кратово го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.03-121 од 22.02.2022 година, СЕ УВАЖУВА целосно.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], преку застапникот [redacted] Извршна директорка, имателот на информацијата Основен суд Кратово Ви ги доставува информациите:

1.Во Основен суд Кратово во периодот од 2018 до 2021 година има поднесено предлози за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство и тоа разделени по години:

- во **2018** година има заведено 2 предмети:

- предмет 1 - жртва е жена, сторител е маж, изречени се привремени мерки: забрана да се заканува дека ќе стори насилство, забрана да ја малтретира и вознемирува жртвата и забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со жртвата, во период од 12 месеци.
- предмет 2 – жртва е жена, сторител е маж – предлогот е одбиен.

во **2019** година има заведено 5 предмети:

- предмет 1 – жртва е жена, сторител е маж, изречени се следните привремени мерки: забрана да се заканува дека ќе стори насилство и забрана да ја малтретира и вознемирува жртвата, времетраење на мерките е во период од 12 месеци.
- предмет 2 – жртва се жена и маж, сторител е маж, жртвите се родители на сторителот, изречени се следните привремени мерки: забрана да се заканува дека ќе стори насилство врз жртвите и забрана да ги малтретира и вознемирува жртвите, времетраење на мерките е во период од 12 месеци.

- предмет 3 – жртва е маж, сторител е маж, изречени се следните привремени мерки: забрана да се заканува дека ќе стори насилство, забрана да ја малтретира и вознемирува жртвата и забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри од жртвата, времетраење на мерките е во период од 12 месеци.
- предмет 4 – жртва е жена, сторител е маж, изречени се следните привремени мерки: забрана да се заканува дека ќе стори насилство, забрана да ја малтретира и вознемирува жртвата и забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри од жртвата, времетраење на мерките е во период од 12 месеци.
- предмет 5 – жртва е жена, сторител е маж, барањето за привремена мерка е повлечено.

во **2020** година има заведено 1 предмет:

- предмет 1 – жртва е маж, сторител е жена, изречени се следните привремени мерки: забрана да се заканува дека ќе стори насилство и забрана да ја малтретира и вознемирува жртвата, времетраење на мерките е во период од 12 месеци.

во **2021** година има заведено 1 предмет:

- предмет 1 – жртва е жена, сторител е маж, постапката е прекината поради смрт на сторителот.

2.Во периодот 2021 година нема поднесено тужби до Основен суд Кратово кои се однесуваат на утврдување на повреда на принципот на должно внимание на државни инститтуции во постапување во случаи на заштита на жртвите на родово-базирано насилство.

3.Во периодот 2021 година нема донесено пресуди во Основен суд Кратово кои се однесуваат на утврдување на повреда на принципот на должно внимание на државни институции во постапување во случаи на заштита на жртвите на родово-базирано насилство.

4. Во периодот 2018-2021 година нема поднесено тужби до Основен суд Кратово за надомест на штета во случаи на родово-базирано насилство и семејно насилство, согласно чл.87 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство.

5. Во периодот 2018 - 2021 година во Основен суд Кратово нема донесено пресуди за надомест на штета во случаи на родово-базирано насилство и семејно насилство, согласно чл.87 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство.

6. Во периодот 2018-2021 година, во Основен суд Кратово поднесени се предлози за процесирање на кривични дела поврзани со родово базирано и семејно насилство и тоа:

- во **2018** година има заведено 4 предмети:

-предмет 1 – обвинителен предлог по чл.130 ст.2 в.в. со ст.1 од КЗ, жртва е жена, сторител е маж, донесена е пресуда со која на сторителот му е изречена алтернативна мерка - судска опомена и изречена мерка на безбедност: задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа во времетраење од 1 година.

-предмет 2 - обвинителен предлог по чл.144 ст.2 од КЗ, жртва се жена и ќерка, сторител е маж, донесена е пресуда со која обвинетиот е ослободен од обвинението.

-предмет 3 – предлог за изрекување на мерка на безбедност по чл.144 ст.2 од КЗ, жртва е маж, сторител е маж, донесено е решение со кое на обвинетиот му е изречена алтернативна мерка - судска опомена и изречена мерка на безбедност: задолжително

психијатриско лекување и чување во здравствена установа во времетраење од 1 година ослободен од обвинението.
-предмет 4 - обвинителен предлог по чл.144 ст.2 од КЗ, жртва е жена, сторител е маж, донесено е решение со кое на обвинетиот му е изречена мерка на безбедност: задолжително психијатриско лекување на слобода.

- во **2019** година има заведено 4 предмети:

-предмет 1 – обвинителен предлог по чл.130 ст.2 в.в. со ст.1 од КЗ, жртва е жена, сторител е маж, донесена е пресуда со која на сторителот му е изречена алтернативна мерка – условна осуда со која на обвинетиот му е утврдена казна затвор во траење од шест месеци која казна нема да се изврши под услов да обвинетиот во рок од една година по правосилноста на пресудата (време на проверување) не стори ново кривично дело.

-предмет 2 – обвинителен предлог по чл.130 ст.2 в.в. со ст.1 од КЗ, жртва е жена, сторител е маж, донесена е пресуда со која на сторителот му е изречена алтернативна мерка – условна осуда со која на обвинетиот му е утврдена казна затвор во траење од три месеци која казна нема да се изврши под услов да обвинетиот во рок од две години по правосилноста на пресудата (време на проверување) не стори ново кривично дело.

-предмет 3 – обвинителен предлог по чл.144 ст.2 в.в. со ст.1 од КЗ, жртва е дете, сторител е маж, донесена е пресуда со која на сторителот му е изречена алтернативна мерка – условна осуда со која на обвинетиот му е утврдена казна затвор во траење од три месеци која казна нема да се изврши под услов да обвинетиот во рок од една година по правосилноста на пресудата (време на проверување) не стори ново кривично дело.

-предмет 4 – обвинителен предлог по чл.144 ст.2 в.в. со ст.1 од КЗ, жртва е жена, сторител е маж, донесена е пресуда со која на сторителот му е изречена алтернативна мерка – условна осуда со која на обвинетиот му е утврдена казна затвор во траење од осум месеци која казна нема да се изврши под услов да обвинетиот во рок од две години по правосилноста на пресудата (време на проверување) не стори ново кривично дело.

- во **2020** година има заведено 6 предмети:

- -предмет 1 – обвинителен предлог по чл.130 ст.2 в.в. со ст.1 од КЗ, жртва е жена, сторител е маж, донесено е решение за отфрлање на предлогот.

-предмет 2 – обвинителен предлог по чл.140 ст.2 в.в. со ст.1 од КЗ, жртва е жена, сторител е маж, донесена е пресуда со која на сторителот му е изречена алтернативна мерка – условна осуда со која на обвинетиот му е утврдена казна затвор во траење од една година која казна нема да се изврши под услов да обвинетиот во рок од две години по правосилноста на пресудата (време на проверување) не стори ново кривично дело.

-предмет 3 – обвинителен предлог по чл.144 ст.2 в.в. со ст.1 од КЗ, жртва е дете, сторител е маж, донесена е пресуда со која на сторителот му е изречена алтернативна мерка – условна осуда со која на обвинетиот му е утврдена казна затвор во траење од

три месеци која казна нема да се изврши под услов да обвинетиот во рок од една година по правосилноста на пресудата (време на проверување) не стори ново кривично дело.

-предмет 4 – обвинителен предлог по чл.144 ст.2 в.в. со ст.1 од КЗ, жртва е жена, сторител е маж, донесена е пресуда со која на сторителот му е изречена алтернативна мерка – условна осуда со која на обвинетиот му е утврдена казна затвор во траење од осум месеци која казна нема да се изврши под услов да обвинетиот во рок од две години по правосилноста на пресудата (време на проверување) не стори ново кривично дело.

-предмет 5 – обвинителен предлог по чл.144 ст.2 в.в. со ст.1 од КЗ, жртви се жена и маж, сторител е маж, донесена е пресуда со која на сторителот му е изречена алтернативна мерка – условна осуда со која на обвинетиот му е утврдена казна затвор во траење од седум месеци која казна нема да се изврши под услов да обвинетиот во рок од две години по правосилноста на пресудата (време на проверување) не стори ново кривично дело.

-предмет 6 – обвинителен предлог по чл.144 ст.2 в.в. со ст.1 од КЗ, жртва е жена, сторител е маж, донесена е пресуда со која на сторителот му е изречена алтернативна мерка – условна осуда со која на обвинетиот му е утврдена казна затвор во траење од три месеци која казна нема да се изврши под услов да обвинетиот во рок од една година по правосилноста на пресудата (време на проверување) не стори ново кривично дело.

- во **2021** година нема поднесени предлози за процесирање на кривични дела поврзани со родово базирано и семејно насилство:

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Кратово на 11.03.2022 година, под СПИ.бр.2/22

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Диме Петрушевски, Судски советник

Основен суд Кратово
Република Северна Македонија
Кратово